Бр./Nr. 12-1606/6
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41- седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1606/1 од 31.03.2026 година, со наводи против лицето ---------- поради сомневање за злоупотреба на службено возило со регистарски таблици КА -------- АЕ, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупција и судир на интереси нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1606/1 од 13.03.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК е поднесена пријава во која се изнесени наводи против лицето -------- поради сомневање за злоупотреба на службено возило со регистарски таблици КА --------- АЕ, по која е оформен предмет број 12-1606/1 од 13.03.2026 година. Во пријавата се наведува дека горенаведеното лице го користел предметното службено возило за лични потреби и приватни обврски.

Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци до ЈКП Комуналец Кавадарци и Општина Кавадарци.

На ден 04.08.2026 година, ЈКП Комуналец Кавадарци ја извести ДКСК дека извршиле проверка во листата на возила кои се во сопственост на јавното претпријатие и

констатирале дека наведеното возило со регистарски таблици КА --------- АЕ не е сопственост на ЈКП Комуналец Кавадарци. Исто така известуваат дека извршиле проверка во листата на вработените во претпријатието и констатирале дека лицето ---------- не е вработено лице на ЈКП Комуналец Кавадарци.

Општина Кавадарци достави информација со прилог документација, со која ја извести ДКСК дека во Општината нема вработено лице ---------- како и дека Општината не располага со службено возило со регистарски таблици КА --------- АЕ.

Дополнително, ДКСК изврши увид во Регистарот на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, кој е достапен на веб-страницата на ДКСК и во истиот не е пронајдено службено возило со регистарски таблици со број КА -------- АЕ. Исто така, ДКСК изврши проверка на јавно достапни информации и не е пронајдено службено лице со име и презиме ----------, ниту пак во пријавата се наведува на кој државен орган истиот е имател на јавна функција.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., Член на ДКСК/Anëtar i KSHPK